# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

02 јули 2020 | Излегува по потреба | Година XV | број 7



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ "ГАЗИ БАБА", ЗА ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 30.06.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2196/1**
**од 02.07.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 25 став (1) од Законот за полиција ("Службен весник на РМ" бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), член 36 став (1) точка 13 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2020 година, бр.08-2137/1 од 24.06.2020 година, Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 30.06.2020 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ "ГАЗИ БАБА", ЗА ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2020 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба ја усвојува информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2020 година, бр.08-2137/1 од 24.06.2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба, МВР - СВР Скопје - ЕВР "Гази Баба" - Полициска станица од општа надлежност "Гази Баба" и Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2122/3**
**од 30.06.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАНТ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА СЕКУНДАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СМИЛКОВЦИ"**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2196/2**
**од 02.07.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 30.06.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАНТ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА СЕКУНДАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СМИЛКОВЦИ"

**Член 1**

Во Одлуката за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци" (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.6/20), во членот 2 бројот ''18.291.270,88'' се заменува со бројот **''18.300.450,00''** .

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2122/4**
**од 30.06.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА КП 83 КО СТАЈКОВЦИ**

1. Се објавува Одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 83 КО Стајковци, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2196/3**
**од 02.07.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 59 став (12) од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19 и 18/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на инвеститорот - Општина Гази Баба, за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, УП1 бр.28-270/2020 од 23.06.2020 година, Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 30.06.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА КП 83 КО СТАЈКОВЦИ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба го ослободува инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, кој се однесува за КП 83 КО Стајковци, врз основа на Општиот акт за село Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-7182/8 од 25.11.2016 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/16), донесен од Советот на Општина Гази Баба, а во согласност со Изводот од Општиот акт број 351/2020 заведен под број 28-3/Сл.2 од 27.05.2020 година издаден од Општина Гази Баба и според одобрен основен проект за изградба на сала во Општинското основно училиште "Кирил и Методиј" населено место Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, со тех.бр.0701-26/15 од октомври 2015 година, изработен од Иванов инженеринг - Битола.

**Член 2**

Надоместокот од член 1 на оваа одлука претставува 100% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, наменет за Општина Гази Баба.

**Член 3**

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2122/5**
**од 30.06.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА КП 2149/2, КП 373/2, КП 450/2 И КП 451 КО ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2149/2, КП 373/2, КП 450/2 и КП 451 КО Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2196/4**
**од 02.07.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 59 став (12) од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19 и 18/20), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на инвеститорот - Општина Гази Баба, за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, УП1 број 28-240/2020 од 27.05.2020 година, Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 30.06.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА КП 2149/2, КП 373/2, КП 450/2 И КП 451 КО ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба го ослободува инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, кој се однесува за КП 2149/2, КП 373/2, КП 450/2 и КП 451 КО Гази Баба, врз основа на Одлука за изменување и дополнување на Детален урбанистички план дел од УЗ Железара, локалитет Б, Блок 6, Општина Гази Баба - Скопје, бр.07-3980/11 од 26.11.2011 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/11), донесен од Советот на Општина Гази Баба, а во согласност со Изводот од ДУП број 215/2020 заведен под број 28-3/Сл.2 од 16.03.2020 година издаден од Општина Гази Баба и според одобрен основен проект за изградба на Дневен центар за лица со интелектуална и телесна попреченост, Општина Гази Баба - Скопје, со тех.бр.01-06/20 од 28.02.2020 година, изработен од Студио КУБИКА ДООЕЛ Куманово.

**Член 2**

Надоместокот од член 1 на оваа одлука претставува 100% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, наменет за Општина Гази Баба.

**Член 3**

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2122/6**
**од 30.06.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци"; . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .6

**ОДЛУКА** за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 83 КО Стајковци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .8

**ОДЛУКА** за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за КП 2149/2, КП 373/2, КП 450/2 и КП 451 КО Гази Баба . . . . . . . . . . . . .10



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 07/20**
**40 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци